**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Број 1003-306/12***
***Скопје,27.04.2006 година***

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за финансии на Република Македонија за 2004 година, на сметката Донација од Тајван за гинеколошка клиника, кои се прикажани на страните 4 и 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е извршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи за сметката Донација од Тајван за гинеколошка клиника, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот на овој извештај застапувано од:

- М-р.Никола Поповски, министер за финансии на Република Македонија.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај е извршена во периодот од 05/01/2006 до 11/01/2006 година од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

   › Бранислав Гулев - Помошник главен државен ревизор, овластен државен ревизор;
   › Светлана Кумова-самостоен ревизор;
   › Александар Ѓорѓиевски- Ревизор.

---

*ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел:3 211 -262; факс 3126-311;*

***Овластен државен ревизор***

__________________________

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и

   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишна сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 10.1. Неправилна примена на акти

**10.1.1.** Министерството за финансии нема изготвено инвестиционен план, односно пред почетокот на реализацијата на донираните средства не постои финансиска конструкција на целокупниот проект за изградба на "Гинеколошко-акушерска клиника".

**Препораки**

Обврска за изготвување на финансиските извештаи, за добиените донаторски средства има Министеството за финансии, додека идниот корисник на објектот, односно инвеститорот, треба да ја евидентира вредноста на материјалните средства во подготовка.

11. Според наше мислење, освен наодот во точката 10.1., финансиските извештаи вистинито и објективно ја претставуваат финансиската состојба на Донацијата од Тајван „Гинеколошко-акушерска клиника“ под 31.12.2004 година и резултатот од финансиските активности за фискалната 2004 година.

12. Според наше мислење, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции, кои претставуваат државни расходи.

**Скопје,26/04/2006 година**

**Овластен државен ревизор**
**Бранислав Гулев**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ-ФУНКЦИИ НА ДРЖАВАТА**
**ДОНАЦИЈА ОД ТАЈВАН ЗА ИЗГРАДБА НА ГИНЕКОЛОШКА КЛИНИКА**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004**

во 000 Денари

| Опис на позицијата | 2004 | 2003 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 22,996 | 78,442 |
| **Вкупно приходи** | **22,996** | **78,442** |
| **Расходи** | | |
| **Купување на капитални средства** | | |
| Изградба, реновирање и унапредување | 22,996 | 78,442 |
| **Вкупно тековни расходи** | **22,996** | **78,442** |
| **Вкупно расходи** | **22,996** | **78,442** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **0** | **0** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **0** | **0** |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ-ФУНКЦИИ НА ДРЖАВАТА
## ДОНАЦИЈА ОД ТАЈВАН ЗА ИЗГРАДБА НА ГИНЕКОЛОШКА КЛИНИКА

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 Денари

| Опис на позицијата | 2004 | 2003 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 0 | 22,738 |
| **Вкупно тековни средства** | **0** | **22,738** |
| **Вкупна актива** | **0** | **22,738** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 0 | 22,738 |
| **Вкупно тековни обврски** | **0** | **22,738** |
| **Вкупна пасива** | **0** | **22,738** |